АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 01-286/5
26.11 2024 год.
СКОПЈЕ

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ

# 2025

НОЕМВРИ, 2024 ГОДИНА

www.ap.mk

# СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР ..... 2
ВОВЕД ..... 4
1. РЕГУЛАТОРНИ АКТИВНОСТИ ..... 5
1.1. ЗАКОН ЗА ПОШТЕНСКИТЕ УСЛУГИ ..... 5
1.2. РЕГУЛАТИВА ..... 7
2. УНИВЕРЗАЛНА УСЛУГА ..... 8
2.1.ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ПОТРЕБИ НА КОРИСНИЦИ ..... 8
2.2. ПОШТЕНСКА МРЕЖА ..... 9
2.3.СЛЕДЕЊЕ И КОНТРОЛА НА ПРОЦЕСОТ НА ВОВЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМ НА ПОСЕБНО СМЕТКОВОДСТВО И АЛОКАЦИЈА НА ТРОШОЦИТЕ И ПРИХОДИТЕ НА ДАВАТЕЛОТ НА УНИВЕРЗАЛНАТА УСЛУГА ..... 9
3. КОНКУРЕНЦИЈА НА ПАЗАРОТ НА ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ ..... 10
3.1. ЛИЦЕНЦИРАЊЕ ..... 10
4. АНАЛИЗА ..... 11
5. НАДЗОР И КОНТРОЛА НАД ДАВАТЕЛИТЕ НА ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ ..... 12
6. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА КОРИСНИЦИ ..... 13
6.1. ГАРАНТИРАНИ ПРАВА НА КОРИСНИЦИТЕ ..... 13
6.2. АГЕНЦИЈАТА СО ПОДДРШКА НА ГРАЃАНИТЕ КОИ СПАЃААТ ВО КАТЕГОРИЈА НА РАНЛИВИ КОРИСНИЦИ НА ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ ..... 13
7. ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА АГЕНЦИЈАТА ..... 14
7.1. ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ..... 14
7.2. ОБУКИ ..... 15
7.3. ЈАВНИ НАБАВКИ ..... 15
7.4. МКС EN ISO/IEC 9001:2015 - СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ ..... 15
8. ТРАНСПАРЕНТНОСТ ..... 16
8.1. ИНФОРМАТИВЕН КАРАВАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ „АП ПОБЛИСКУ ДО КОРИСНИЦИТЕ НА ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ“ ..... 16
8.2. ПОДДРШКА НА ЕВРОПСКАТА НЕДЕЛА НА МОБИЛНОСТ 2025 ГОДИНА (EUROPEAN MOBILITY WEEK 16-22 СЕПТЕМВРИ 2025 ГОДИНА) ..... 17
9. СОРАБОТКА ..... 18
9.1. СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ ИНСТИТУЦИИ ..... 18
9.2. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ..... 18
10. ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ ЗА 2025 ГОДИНА ..... 20

## ПРЕДГОВОР

Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2025 година ги содржи идните активности кои ќе придонесат за унапредување на пазарот на поштенските услуги, односно воспоставување на транспарентен, отворен и конкурентен поштенски сектор, подготвен да одговори на новите предизвици.

Годишната програма е документ кој се темели на законските надлежности кои регулаторот на пазарот на поштенските услуги треба да ги реализира преку низа активности, иницијативи и предлози.

Овој програмски документ, како и досега се фокусира на активности и мерки кои се однесуваат на осигурување на обезбедување на универзалната услуга со стандарден квалитет, на одржлив и конкурентен пазар, заштита на корисниците и на давателите на поштенски услуги, надзорните и контролните механизми, како и активности кои се однесуваат на самото работење на Агенцијата за пошти.

Програмата е структурирана согласно надлежностите на Агенцијата, а започнува со запознавање со правната положба на самата Агенција, нејзината мисија, како и регулаторните цели кои ќе се постигнат со реализација на предвидените активности. Активностите, пред сѐ, имаат за цел развој и промоција на конкуренцијата и следствено, создавање конкурентен амбиент за избор на услуги според барањата на корисниците. Како што ќе се види понатаму, програмскиот текст опфаќа активности во областа на регулативата, односно промени во делот на поштенската легислатива, потоа планирани проекти и истражувања во областа на грижата за корисници и анализата на пазарот, како и активностите на меѓународен план.

Исто така, составен дел на оваа Годишна програма е Финансискиот план за следната 2025 година, како и Одлуката за определување на вредност на поенот за пресметување на годишниот надоместок за 2025 година.

*Претседател на Комисија*

*Борче Груевски*

# ВОВЕД

Агенцијата за пошти (во натамошниот текст: Агенцијата) претставува независно регулаторно тело од областа на поштенските услуги кое врши функции на регулирање на пазарот на поштенските услуги.

Согласно член 16 од Законот за поштенските услуги, Комисијата на Агенцијата за пошти ја усвојува Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за наредната година, на предлог на директорот.

Агенцијата за пошти има законска обврска секоја година до основачот - Собранието на Република Северна Македонија да достави Годишна програма за работа во законски рокови во тековната за наредната календарска година. За реализација на планираните активности потребна е Одлука за одобрување на Програмата, која Собранието на Република Северна Македонија ја донесува непосредно пред започнување на календарската година на која се однесува истата.

Во Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2025 година (во натамошниот текст: Годишна програма) се утврдуваат мерките и активностите кои ги имплементира Агенцијата во насока на развој и унапредување на пазарот на поштенските услуги во Република Северна Македонија, како и активности во насока на уредување на својата работа.

# 1. РЕГУЛАТОРНИ АКТИВНОСТИ

Еден од основните приоритети на Агенцијата за пошти е унапредување на регулаторната рамка за поштенските услуги, како и усогласувањето на домашната со ЕУ регулативата во областа на поштенските услуги, со што ќе се придонесе за создавање на регулиран, стабилен и конкурентен пазар на поштенскиот пазар со зајакната независна улога и капацитети на институцијата. Агенцијата ќе превзема низа регулаторни мерки и активности кои ќе произлезат од новите законски решенија и соодветна измена на подзаконските акти.

## 1.1. ЗАКОН ЗА ПОШТЕНСКИТЕ УСЛУГИ

Темелите на регулацијата на поштенскиот пазар можат да се најдат во Директивата на Европската комисија 97/67 и двете последователни Директиви од 2002 и 2008 година, во кои јасно се посочени клучните принципи и потребата од регулација на поштенскиот пазар преку независно регулаторно тело.

Основите на регулацијата се осигурување на обезбедувањето на универзалната поштенска услуга и спречувањето на субвенционирањето на други услуги со приходите од УУ од страна на давателот на универзална услуга. Втора клучна област на регулација е укинување на монополите и создавање услови за развој на конкурентен натпревар во поштенската индустрија. Прашањето за регулација на поштенскиот сектор е поставено во фокусот од страна на Европската комисија, водена од идејата за целосна реформа на поштенскиот сектор, а не само едноставна реформа на поштенскиот оператор кој ја нуди основната- универзалната поштенска услуга.

Усогласено со поштенските Директиви, Законот за поштенските услуги од 2010 година за прв пат ја предвиде либерализацијата на македонскиот поштенски пазар за 2012 година, кога требаше да се укине монополот за писмата до 50 грама воспоставен во корист на давателот на

универзалната услуга. Од тогаш во повеќе наврати датумот за либерализацијата е одложуван, за година или две, со законски измени.

Конечно, со последната измена на Законот за поштенските услуги која стапи на сила на 04.11.2024 година (“Службен весник на Република Северна Македонија” број 224/2024) целосната либерализација на поштенскиот пазар е одложена до денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

Во ваков неизменет пазарен амбиент со доминантна резервирана област за писмата до 50 грама, Агенцијата за пошти ќе ги практикува своите надлежности во насока на подобрување на постојната подзаконска рамка во согласност со случувањата и тековите на пазарот, и во рамки на Законот.

Понатаму, потребата за целосна либерализација е нагласена и во неколку последователни извештаи на Европската комисија за напредокот на земјата, како и е дадена позитивна оцена за работата на националниот поштенски регулатор – Агенцијата за пошти.

*„Во областа на **поштенските услуги**, националното законодавство е усогласено со Првата и Втората директива за поштенски услуги и делумно со Третата директива за поштенски услуги. Давателот на универзална услуга има ексклузивно право да обезбедува резервирани поштенски услуги. Националното законодавство сè уште треба да се усогласи со Регулативата за прекугранична испорака на пратки. Агенцијата за пошти е независно регулаторно тело кое осигурува усогласеност со Законот за поштенски услуги. Во моментот, има еден давател на универзални услуги и 33 други поштенски оператори. Северна Македонија треба да го финализира усогласувањето со правото на ЕУ за поштенски услуги и да осигури доволен институционален капацитет за следење и спроведување на новите правила на поштенскиот пазар.“* – Извадок од **Извештајот за Северна Македонија за 2024 година** од Европската комисија.

## 1.2. РЕГУЛАТИВА

Во 2025 година ќе се продолжи со дефинирање на новиот Правилник за квалитетот на услугите опфатени со универзалната услуга, параметрите за квалитет и нивното мерење. Оваа активност ќе биде тесно поврзана со новиот Правилник за критериумите за пристап до универзалната услуга, од причина што променетите критериуми за точките за пристап, како и работно време на единиците ќе имаат влијание врз дефинирањето на критериумите за квалитет.

Со дефинирањето на новиот Правилник за квалитетот на услугите опфатени со универзалната услуга, ќе се дефинираат нови стандарди за остварување на квалитет на обезбедување на услугите во согласност од видот на услугите кои давателот на универзалната услуга ги обезбедува.

Активностите за измена и дополнување на Законот за поштенските услуги и транспонирање на новата регулатива за достава на пакети ќе продолжат и во следната 2025 година. Се очекува дека оваа обврска преземена во процесот на пристапување кон Европската Унија, и усогласување на законодавството со новите прописи да биде спроведена во текот на 2025 година. Следствено со донесување на новиот закон и со транспонирање на регулативата ќе следуваат активности за нејзина примена и имплементација која е во надлежност на Агенцијата за пошти.

## 2. УНИВЕРЗАЛНА УСЛУГА

Универзалната поштенска услуга се обезбедува на целата територија на Република Северна Македонија, постојано, со утврден квалитет и по пристапни цени за сите корисници.

Осигурувањето на обезбедување на универзалната услуга останува во фокусот на Агенцијата и за наредната година, поради што активностите ќе се насочат кон следење на исполнување на обврските согласно Законот и подзаконските акти и степенот на имплементација на сите зададени обврски.

Минималните барања за универзалната услуга се утврдени во македонското законодавство, каде се вклучени барања универзалната услуга да се доставува пет дена во неделата, по достапна и еднаква цена на секоја адреса во земјата. Овие барања можат да бидат изменети само од страна на Владата и Собранието, но треба да бидат во согласност со потребите на корисниците а воедно и да се одржи тој минимум сет на услуги кој е неопходен за корисниците. Иако Агенцијата за пошти нема законска надлежност да ги промени минималните барања во Законот, има улога во ревидирањето на степенот до кој овие барања ги одразуваат разумните потреби на поштенските корисници.

### 2.1.ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ПОТРЕБИ НА КОРИСНИЦИ

Врз основа на направено Истражување на потребите на корисниците од поштенските услуги во 2024 година, во текот на 2025 година ќе се изготви сеопфатен Извештај кој треба да ги содржи потребите на корисниците вклопени со обврската за обезбедување на универзалната услуга, со што ќе започнат и промените во делот на дефинирање на универзалната услуга. Истражувањето кое треба да започне кон крајот на 2024 година ќе биде предмет на анализа во текот на 2025 година и согласно потребите на корисниците ќе се превземаат активности кон давателите на поштенските услуги за обезбедување на поштенските услуги. По извршениот преглед во добиените податоци од Истражувањето ќе се осознае она што им е потребно на луѓето и бизнисите денес. Ќе се разгледа колку се задоволни луѓето и

малите бизниси со сегашната поштенска услуга и кои алтернативи ќе ги задоволат нивните потреби. На универзалната поштенска услуга се потпираат сите корисници, физички и деловни корисници низ државата. Како регулатор за поштенските услуги, целта на Агенцијата е да осигура дека поштенските корисници имаат корист од универзалната услуга која истовремено ги задоволува нивните потреби и дали услугата е одржлива и ефикасна.

## 2.2. ПОШТЕНСКА МРЕЖА

Агенцијата во 2025 година, во насока на стандардизација и модернизација на поштенската мрежа на давателот на универзалната услуга (како што се поштенските единици и други точки за пристап, како и утврдување на потребите од поголема или помала густина на поштенската мрежа) ќе продолжи да ги следи промените во поштенската мрежа и навремено ќе ги информира корисниците на поштенските услуги.

## 2.3.СЛЕДЕЊЕ И КОНТРОЛА НА ПРОЦЕСОТ НА ВОВЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМ НА ПОСЕБНО СМЕТКОВОДСТВО И АЛОКАЦИЈА НА ТРОШОЦИТЕ И ПРИХОДИТЕ НА ДАВАТЕЛОТ НА УНИВЕРЗАЛНАТА УСЛУГА

Воведувањето на овој систем е законска обврска на давателот на универзалната услуга и зависи од неговата подготвеност за воведување на сите мерки и процедури кои се основа за системот за посебно сметководство. Во таа насока, Агенцијата во 2025 година ќе продолжи со изработка на анализи и извештаи врз основа на моментално расположливите податоци за трошоците и приходите на давателот на универзалната услуга, и во случај доколку давателот на универзалната услуга би доставил предлог - систем, Агенцијата ќе ангажира надворешна и независна ревизорска компанија која ќе треба да изврши ревизија на усогласеноста на предложениот систем за посебно сметководство со законските барања.

# 3. КОНКУРЕНЦИЈА НА ПАЗАРОТ НА ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ

## 3.1. ЛИЦЕНЦИРАЊЕ

И во текот на 2025 година очекуваме задржување на интересот за влез на поштенскиот пазар на правните субјекти. Особено очекуваме да се засили интересот за почеток на работа во сегментот меѓународни поштенски услуги и да расте поштенската размена со странство во делот на малите пратки од Е-формат. За поефикасно постапување во оваа смисла од значење ќе биде и соработката со Царинската управа во насока на меѓусебна размена на знаења и искуства.

Агенцијата континуирано ќе постапува во административните постапки за оценка на исполнување на условите за добивање Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги на апликантите-правни субјекти, како и за промена и престанок со обезбедување поштенски услуги. На правните субјекти на кои ќе се издаде Општо овластување, ќе се стекнат со статус на даватели на поштенски услуги и нивните податоци ќе бидат запишани во регистарот на даватели.

Агенцијата за пошти ќе ги следи и програмските активности на ЦЕРП за размена на податоци од регистрите на даватели на поштенски услуги во земјите членки и кандидати. Оваа група податоци може да се прошири со податоци за еколошка одржливост на мрежите и капацитетите на операторите.

Во контекст на процесите на дигитализација во државата во текот на 2025 ќе работиме и на развивање соодветни дигитални алатки за регистарот на даватели на поштенски услуги кој го води Агенцијата и во постапките во делот лиценцирање каде е соодветно согласно законот.

## 4. АНАЛИЗА

Една од надлежностите на Агенцијата е поврзана со следење и анализа на состојбата и развојот на пазарот на поштенските услуги и преземање на неопходните мерки за да се обезбеди еднаков и ефективен проток на пазарот на поштенските услуги. Оваа активност ќе се врши со континуирано собирање статистички, финансиски и други податоци од сите даватели на поштенски услуги, врз основа на кои ќе се направат анализи потребни за донесување регулаторни одлуки и подготовка на извештаи за индикатори и трендови на пазарот. Изработка на Анализа на пазарот на поштенските услуги врз основа на податоците кои се доставуваат од страна на давателите во форма на Извештаи кои содржат податоци поврзани со остварениот обем на поштенски услуги, инфраструктурни капацитети, како и остварен приход од обезбедувањето на поштенските услуги како и останати податоци кои се поврзани со нивното работење.

Агенцијата во 2025 година ќе продолжи со изработката на полугодишни Извештаи кои се однесуваат на анализа за состојбата на поштенскиот пазар со цел на крајот на тековната година да се направи споредба на пазарот со претходниот изминат период за движење на пазарот и истите ќе бидат презентирани на јавен состанок на крајот од 2025 година.

Ценејќи ја важноста од доставување на валидни и навремени податоци од пазарот кој го доставуваат давателите на поштенски услуги во текот на 2025 година ќе се направи увид кај давателите на поштенските услуги кои имаат добиено Општи овластување во 2023 и 2024 година и кај даватели на поштенски услуги кои немаат доставено Извештаи за обезбедување на поштенски услуги во текот на 2024 година.

Во насока на подобрена и поефикасна анализа на податоците кои се доставуваат од страна на давателите на поштенските услуги во 2025 година ќе се пристапи кон изработка на документ потребен за спроведување на јавна набавка за софтверско решение на начинот на дигитализирано доставување на податоците. Софтверот покрај останатите функции што треба да ги покрие една од функциите ќе биде и за доставувањето на податоците од давателите, кои електронски сами ќе ги пополнуваат и доставуваат. Изготвување на спецификацијата за оваа

решение ќе биде една од основните активности во 2025 година и со чие спроведување ќе се добие на квалитет во обработка на многу други потребни податоци за извршување на надлежностите на регулаторот.

## 5. НАДЗОР И КОНТРОЛА НАД ДАВАТЕЛИТЕ НА ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ

Агенцијата во 2025 година ќе спроведува редовни, вонредни и контролни надзори над спроведувањето на Законот и прописите донесени врз основа на законот, како и правата и обврските од Општото овластување за обезбедување на поштенски услуги, како и надзор над правните субјекти кои обезбедуваат поштенски услуги без Општо Овластување издадено од Агенцијата.

**Редовните надзори** ќе се вршат според Годишната програма за вршење на надзор за 2025 година, која Програма ќе ја донесе директорот во тековната за наредната година и со која ќе биде дефинирана динамиката на спроведување на редовните надзори.

**Вонредните надзори** ќе се вршат во главно ненајавено, по претходна оценка на елементите за основаност на наводите од примени пријави како и од други сознанија од пазарот добиени при практикување на надлежностите на Агенцијата.

**Контролните надзори** ќе се вршат за проверка на имплементација на мерки и активности наложени од страна на овластените лица за надзор од Агенцијата.

**Заеднички надзори со други институции** - Во 2025 година, Агенцијата ќе врши заеднички надзори врз давателите на поштенските услуги со други институции и ќе делува согласно законските надлежности во сите случаи каде ќе се констатира потреба од преземање соодветни мерки.

# 6. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА КОРИСНИЦИ

## 6.1. ГАРАНТИРАНИ ПРАВА НА КОРИСНИЦИТЕ

Агенцијата за пошти постојано работи на заштита на правата на корисниците на поштенските услуги и е во динамична комуникација со корисниците.

Согласно ЗПУ, корисниците кои ги исцрпеле своите права во постапките кои во прв степен по приговор или рекламација, а се водат пред давателите на поштенски услуги, имаат право да поднесат управен приговор до Агенцијата за пошти која одлучува по овие приговори врз основа на претходно спроведена постапка, која треба да заврши во рок од 30 дена.

На корисниците им е овозможено да поднесуваат приговори, претставки и предлози во Агенцијата за пошти и да водат постапки кои се уредени со Законот за поштенските услуги, Законот за општата управна постапка и Законот за постапување по претставки и предлози.

## 6.2. АГЕНЦИЈАТА СО ПОДДРШКА НА ГРАЃАНИТЕ КОИ СПАЃААТ ВО КАТЕГОРИЈА НА РАНЛИВИ КОРИСНИЦИ НА ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ

Националната легислатива опфаќа бројни закони, прописи и правилници кои ги регулираат правата на лицата со одредена попреченост.

Во европската пракса веќе е изработена студија која има за цел да ги анализира и идентификува практиките за тоа како би можеле да се задоволат потребите на лицата со посебни потреби во однос на поштенските услуги и комуникацијата на јавните власти со ранливи корисници. Во ранливите лица спаѓаат дигитално исклучени лица, лица со различни видови на попреченост, стари лица и/или жители во руралните средини. Иако многу луѓе стануваат помалку зависни од услугите за писмена пошта, сепак ранливите корисници сѐ уште имаат голема зависност од овие услуги.

Во таа насока Агенцијата за пошти јавно ќе ја искаже својата поддршка на граѓаните кои спаѓаат во оваа категорија на корисници и во 2025 година преку своите работни активности акцентот ќе го стави на осознавање на реалните потреби на ранливите корисници во поглед на користењето а поштенските услуги. Агенцијата ќе воспостави комуникација и ќе оствари средби со Министерството за труд и социјална политика, со националните сојузи како и со соодветни организации низ државата кои се залагаат за остварување на правата на граѓаните кои имаат одреден вид и степен на попреченост, се со цел да ги осознае нивните постоечки можности и нивните потреби кои се однесуваат на користење на поштенските услуги.

- Врз основа на добиените информации Агенцијата во 2025 година ќе изработи ***План на активности*** , во кој ќе се утврдат начините со кој би им се олеснило користењето на поштенски услуги, како и да им го подобри корисничкото искуство на оваа ранлива категорија на граѓани.

## 7. ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА АГЕНЦИЈАТА

Агенцијата за пошти ќе продолжи со планско развивање, одржување и задржување на професионален и мотивиран човечки потенцијал, како и со рационално користење на знаењата, компетенците и искуствата за остварување на надлежностите на Агенцијата.

### 7.1. ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Врз основа на проценката на стратешките цели и приоритети на Агенцијата и на потребата од идни вработувања, Агенцијата донесе Годишен план за вработување за 2025 година.

Поради активностите предвидени во стратешките документи и исполнување на барањата на поштенскиот пазар кој се развива секојдневно, Агенцијата за пошти има потреба од ангажирање на

дополнителен стручен кадар кој ќе помогне во извршување на законските надлежности на Агенцијата и одржување на работната ефикасност.

## 7.2. ОБУКИ

Агенцијата ќе продолжи да инвестира во стручното усовршување и оспособување на вработените, преку кои ќе се обезбеди развој на неопходните знаења и вештини за извршување на работните задачи според висок професионален стандард.

Имајќи во предвид дека реалното утврдување на потребите за унапредување, развивање на квалитетот и подигање на нивото на знаење и вештини, ќе придонесе и за ефективност во работењето, Агенцијата во Годишниот план за обуки за вработените за 2025 година, планира доволен број генерички обуки за административните службеници во очекување да заживее системското обучување на јавната администрација.

## 7.3. ЈАВНИ НАБАВКИ

Врз основа на потребите на Стручната служба за остварувањето на Планот за јавни набавки, Агенцијата ги планира јавните набавки за наредната година имајќи ги предвид расположивите финансиски средства алоцирани во Финансискиот план. Во текот на 2025 година ќе се подготвуваат и спроведуваат постапките за јавни набавки, како и тековно следење на договорите за јавни набавки.

## 7.4. МКС EN ISO/IEC 9001:2015 - СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ

Годишна проверка на примената на системот за управување со квалитет на процесите во Агенцијата и утврдување на насоки за подобрување и унапредување.

# 8. ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Обезбедување поголема транспарентност во работењето на Агенцијата и поефикасна комуникација со јавноста - Агенцијата за пошти и во наредниот период ќе ја практикува „активната транспарентност“, односно ќе го применува концептот на самоиницијативно објавување на значајни документи од областа на поштенските услуги на својата веб страница. Со оваа пракса на објавување на документи и информации овозможуваме јавноста континуирано да биде информирана за регулаторните мерки и одлуките што ги засегаат сите чинители на пазарот на поштенските услуги.

Во насока на транспарентноста се и јавните состаноци (кои ќе се одржуваат најмалку двапати годишно) на кои Агенцијата ќе информира за своите завршени и идни активности во насока на промовирање на правата на корисниците, потоа за квалитетот на универзалната услуга, како и за дејностите кои се од делокругот на целокупното работење на Агенцијата.

## 8.1. ИНФОРМАТИВЕН КАРАВАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ „АП ПОБЛИСКУ ДО КОРИСНИЦИТЕ НА ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ“

Стремејќи се да ја доближи работата на давателите на поштенските услуги пред пошироката јавност, како и да ја подигне јавната свест за начинот на користење на правата на корисниците на поштенските услуги, Агенцијата за пошти во соработка со Канцеларијата на Народниот Правобранител, и во 2025 година ќе спроведе информативен караван „АП ПОБЛИСКУ ДО КОРИСНИЦИТЕ НА ПОШТЕНСКИТЕ УСЛУГИ“ кој ќе опфати едукативни средби со граѓаните, студентите и претставници од бизнис-секторот, во градовите низ државата.

Соработката со медиумите е неопходна со цел да се обезбеди целосна информираност за надлежностите и активностите на Агенцијата, како и подетално запознавање со работата на Агенцијата и нејзините натамошни планови.

Активностите кои ќе ги превземе ќе бидат во насока на редовно информирање на медиумите за тековните активности, промовирање на нови услуги на македонскиот пазар, информирање за начинот на искористување на правата на корисниците на поштенски услуги и сл.

## 8.2. ПОДДРШКА НА ЕВРОПСКАТА НЕДЕЛА НА МОБИЛНОСТ 2025 ГОДИНА (EUROPEAN MOBILITY WEEK 16-22 СЕПТЕМВРИ 2025 ГОДИНА)

**Европската недела на мобилност** претставува водечка кампања на Европската Комисија за подигање на јавната свест за одржлива и урбана мобилност. Тоа е иницијатива која ги поттикнува градовите да воведат и промовираат одржливи транспортни мерки и да ги заинтересираат луѓето да ги испробаат алтернативите за транспорт и мобилност низ градовите.

Како и досега Агенцијата ќе ја продолжи соработката со Европска Куќа-Скопје (Europe House - основана од Европската Делегација на Р.С.Македонија) национален координатор на кампањата и преку учество на вработените од Агенцијата за пошти во различни активности, јавно ќе ја поддржи оваа иницијатива.

# 9. СОРАБОТКА

Поттикнување на одржлив развој на поштенскиот сектор кој ќе нуди квалитетни поштенски услуги е основата на нашата визија за тоа што треба да преставува еден развиен и конкурентен пазар. Во исполнување на нашата цел ќе соработуваме со домашни и релевантни меѓународни институции за подрачја кои се значајни за натамошно функционирање на пазарот на поштенските услуги, се со цел унапредување на регулативата и практики согласно новите пазарни трендови.

## 9.1. СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ ИНСТИТУЦИИ

Соработката и координацијата со институциите ќе се одвиваат со **Министерството за транспорт** за прашања поврзани со усогласување на постојната законска регулатива со Поштенската директива и Регулативата за меѓународна достава на пакети, како и во делот на подготовката на новата предлог законска регулатива од поштенската област, со Царинската управа, Министерството за внатрешни работи, Државниот пазарен инспекторат и Управата за јавни приходи во врска со иницијативата на Агенцијата за креирање на политики за сузбивање на сивата економија во поштенскиот сектор, со Управата за финансиско разузнавање заради зајакнување на капацитетите за спречување на перење на пари и унапредување на функционалноста на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, како и со сите останати релевантни институции и чинители во текот на работењето на Агенцијата во следната 2025 година.

## 9.2. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Агенцијата за пошти во следната 2025 година ќе учествува во меѓународни активности за прашања кои се однесуваат на имплементацијата на поштенската легислатива, размена на информации, искуства и добри практики со регулаторни тела од поштенската област, како на европско ниво, така и на регионално.

Следењето на активностите во рамки на меѓународните организации е придобивка во насока на спроведување на надлежностите на регулаторот. Агенцијата ќе учествува во активности и настани поврзани со потребите за усогласување на процесите за пристапувањето кон Европската Унија во делот на поштенските услуги и преземање и спроведување на препораките на Европската Унија за продолжување на понатамошните чекори кон пристапувањето.

Соработката и учествата ќе се реализираат во рамки на Светскиот поштенски Сојуз (UPU), Европскиот комитет за поштенски регулации (CERP), Групата на европски поштенски регулатори (ERGP), со ЦЕФТА и ГИЗ, како и со регионалните регулаторни тела.

Во насока на промовирање на работата на Агенцијата за пошти, како и на самата држава, во 2025 година Агенцијата планира да биде домаќин на состанок на една од работните групи на ЕРГП (Групата на европски поштенски регулатори). На состаноците присуствуваат претставници од 27 земји членки на ЕРГП, кои истовремено се и земји членки на Европската унија, како и претставници на земји – кандидати за влез во ЕУ.

# 10. ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ ЗА 2025 ГОДИНА

Агенцијата за пошти тргнувајќи од планираните активности и задачи предвидени во Програмата за работа за 2025 година, изготви Финансиски план за 2025 година во кој е извршена проценка на расходите и приходите потребни за реализација на истите, а во насока на извршување на надлежностите утврдени со Законот за поштенските услуги.

Финансискиот план за 2025 година е изготвен согласно член 23 од Законот за поштенските услуги во кој се содржани детални податоци (по аналитички конта) за предвидените приходи и трошоци за 2025 година и споредбени показатели на предвидените приходи и расходи за 2025 и 2024 година.

Во прилог Ви ги презентираме:

- Финансискиот план за 2025 година,
- Споредбените показатели за планираните приходи и расходи за 2025 и 2024 година и
- Образложението за Финансискиот план и Споредбените показатели.

## ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2025 година

### 1. ПРИХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Планиран износ 2025 |
|---|---|---|
| 72 | **Приходи од камати и позитивни курсни разлики** | 1,905,000.00 |
| 720 | **Приходи од камати** | 1,900,000.00 |
| 72002 | Приходи од камати-даватели на поштенски услуги | 1,900,000.00 |
| 721 | **Приходи од позитивни курсни разлики** | 5,000.00 |
| 72101 | Приходи од позитивни курсни разлики | 5,000.00 |
| 75 | **Сопствени приходи** | 30,000,000.00 |
| 750 | **Сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите на поштенските услуги** | 30,000,000.00 |
| 75001 | Сопствени приходи од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги | 30,000,000.00 |
| 76 | **Други приходи** | 900,000.00 |
| 760 | **Други приходи** | 900,000.00 |
| 7600 | Други приходи | 900,000.00 |
| 77 | **Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година** | 7,195,000.00 |
| 770 | **Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година** | 7,195,000.00 |
| 77001 | Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година | 7,195,000.00 |
| 7 | ВКУПНО ПРИХОДИ | 40,000,000.00 |

## 2. РАСХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Планиран износ 2025 |
|---|---|---|
| 40 | МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА | 3,160,000.00 |
| **400** | **Потрошени материјали** | **388,000.00** |
| 40000 | Потрошено гориво | 80,000.00 |
| 40001 | Потрошени канцелариски материјали | 100,000.00 |
| 40003 | Други административни материјали | 30,000.00 |
| 40004 | Други потрошени материјали | 60,000.00 |
| 40010 | Потрошена вода | 10,000.00 |
| 40011 | Други комунални услуги-ѓубретарина | 18,000.00 |
| 40013 | Стручна литература | 40,000.00 |
| 40021 | Ситен инвентар | 50,000.00 |
| **401** | **Потрошена енергија** | **780,000.00** |
| 40100 | Кондиционирање (греење, ладење) | 530,000.00 |
| 40102 | Електрична енергија | 250,000.00 |
| **403** | **Други услуги** | **697,000.00** |
| 40301 | Пошта | 40,000.00 |
| 40304 | Регистрација и испитување на возило | 7,000.00 |
| 40305 | Телефон и телефакс | 72,000.00 |
| 40306 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 72,000.00 |
| 40307 | Службен весник | 20,000.00 |
| 40308 | Надомест за паркинг простор | 60,000.00 |
| 40309 | Чистење на деловни простории | 120,000.00 |
| 40313 | Други услуги (изнајмување, дезинфекција и сл.) | 165,000.00 |

| | | |
|---|---|---|
| 40310 | Поправка и одржување на компјутерска опрема | 38,000.00 |
| 40314 | Поправка и сервисирање на возила | 45,000.00 |
| 40315 | Поправка и одржување на останата опрема | 15,000.00 |
| 40318 | Поправка и одржување на софтвер за сметководство | 43,000.00 |
| **404** | **Превозни-транспортни услуги** | **25,000.00** |
| 40401 | Превозни-транспортни услуги | 25,000.00 |
| **405** | **Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација** | **300,000.00** |
| 40501 | Издатоци за репрезентација | 300,000.00 |
| **408** | **Наемнини** | **970,000.00** |
| 40801 | Наемнини за канцелариски простор | 970,000.00 |
| 41 | ДРУГИ РАСХОДИ | 11,382,000.00 |
| **410** | **Провизија за платен промет** | **45,000.00** |
| 41000 | Провизија за платен промет | 40,000.00 |
| 41001 | Провизија за купопродажба на девизи | 5,000.00 |
| **412** | **Премии за осигурување** | **61,000.00** |
| **413** | **Дневници за службени патувања и патни трошоци** | **2,000,000.00** |
| **414** | **Надоместоци на трошоци на работници** | **680,000.00** |
| **415** | **Негативни курсни разлики** | **3,000.00** |
| **416** | **Членарини** | **7,000.00** |
| **417** | **Интелектуални и други услуги** | **8,404,000.00** |
| 41701 | Други услуги-хост за интернет страна | 28,000.00 |
| 41709 | Други услуги-систематски преглед | 60,000.00 |
| 41710 | Надомест за Комисија - тековна година | 4,380,000.00 |
| 41712 | Надомест по договор | 200,000.00 |
| 41716 | Надомест на трошоци на членови на Комисијата - тековна година | 110,000.00 |

| | | |
|---|---|---|
| 41721 | Ревизија на финансиски извештаи | 148,000.00 |
| 41722 | Консултантски услуги | 1.300,000.00 |
| 41723 | Услуги за истражување на пазарот | 195,000.00 |
| 41734 | Обуки за стручно усовршување | 200,000.00 |
| 41735 | Услуги за привремени вработувања | 1,470,000.00 |
| 41736 | Услуги за архивирање | 180,000.00 |
| 41790 | Други услуги (фотограф, монтажа и сл.) | 61,000.00 |
| 41791 | Други услуги - превод | 72,000.00 |
| **418** | **Останати други расходи** | **182,000.00** |
| 41801 | Други расходи (огласи, стандарди, извршители и сл.) | 180,000.00 |
| 41820 | Камата за придонеси и даноци од плата | 1,500.00 |
| 41826 | Камата за задоцнето плаќање | 500.00 |
| 44 | КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА | 310,000.00 |
| **441** | **Средства за опрема** | **310,000.00** |
| 4410 | Средства за мебел | 30,000.00 |
| 4410 | Средства за компјутерска опрема | 220,000.00 |
| 4410 | Средства за компјутерски софтвер | 60,000.00 |
| 46 | ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ | 24,500,000.00 |
| **460** | **Вкалкулирани плати** | **24,500,000.00** |
| 4600 | Основни плати | 16,100,000.00 |
| 4600 | Придонеси од плати | 8,400,000.00 |
| 47 | ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ | 648,000.00 |
| **470** | **Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот** | **648,000.00** |
| 47001 | ДЛД - Надомест за Комисија - тековна година | 487,000.00 |
| 47003 | ДЛД - Комисија (надомест на трошоци) - тековна година | 12,500.00 |

| | | |
|---|---|---|
| 47004 | ДЛД - Договор | 20,000.00 |
| 47006 | ДЛД - други исплати | 128,500.00 |
| 4 | ВКУПНО РАСХОДИ | 40,000,000.00 |

| | |
|---|---|
| останати расположливи средства | 0.00 |

Споредбени показатели на планиран финансиски план за 2025 и 2024 година

## 1. ПРИХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Планиран износ 2025 | Планиран износ 2024 | споредбен показател на планирани приходи (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 3 | 5=3/4*100 |
| 72 | Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 1,905,000.00 | 3,605,000.00 | 52.84% |
| 720 | Приходи од камати | 1,900,000.00 | 3,600,000.00 | 52.78% |
| 721 | Приходи од позитивни курсни разлики | 5,000.00 | 5,000.00 | 100.00% |
| 75 | Сопствени приходи | 30,000,000.00 | 27,000,000.00 | 111.11% |
| 750 | Сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите на поштенските услуги | 30,000,000.00 | 27,000,000.00 | 111.11% |
| 76 | Други приходи | 900,000.00 | 900,000.00 | 100.00% |
| 760 | Други приходи | 900,000.00 | 900,000.00 | 100.00% |
| 77 | Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година | 7,195,000.00 | 7,495,000.00 | 96.00% |
| 770 | Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година | 7,195,000.00 | 7,495,000.00 | 96.00% |
| 7 | ВКУПНО ПРИХОДИ | 40,000,000.00 | 39,000,000.00 | 102.56% |

## 2. РАСХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Планиран износ 2025 | Планиран износ 2024 | споредбен показател на планирани расходи (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 3 | 5=3/4*100 |
| 40 | МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА | 3,160,000.00 | 3,008,000.00 | 105.05% |
| 400 | Потрошени материјали | 388,000.00 | 400,000.00 | 97.00% |
| 401 | Потрошена енергија | 780,000.00 | 780,000.00 | 100.00% |
| 403 | Други услуги | 697,000.00 | 618,000.00 | 112.78% |
| 404 | Превозни-транспортни услуги | 25,000.00 | 25,000.00 | 100.00% |
| 405 | Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 300,000.00 | 200,000.00 | 150.00% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 408 | Наемнини | 970,000.00 | 985,000.00 | 98.48% |
| 41 | ДРУГИ РАСХОДИ | 11,382,000.00 | 10,427,000.00 | 109.16% |
| 410 | Провизија за платен промет | 45,000.00 | 50,000.00 | 90.00% |
| 412 | Премии за осигурување | 61,000.00 | 61,000.00 | 100.00% |
| 413 | Дневници за службени патувања и патни трошоци | 2,000,000.00 | 2,000,000.00 | 100.00% |
| 414 | Надоместоци на трошоци на работници | 680,000.00 | 700,000.00 | 97.14% |
| 415 | Негативни курсни разлики | 3,000.00 | 3,000.00 | 100.00% |
| 416 | Членарини | 7,000.00 | 5,000.00 | 140.00% |
| 417 | Интелектуални и други услуги | 8,404,000.00 | 7,406,000.00 | 113.48% |
| 418 | Останати други расходи | 182,000.00 | 202,000.00 | 90.10% |
| 44 | КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА | 310,000.00 | 441,000.00 | 70.29% |
| 441 | Средства за опрема | 310,000.00 | 441,000.00 | 70.29% |
| 46 | ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ | 24,500,000.00 | 24,500,000.00 | 100.00% |
| 460 | Вкалкулирани плати | 24,500,000.00 | 24,500,000.00 | 100.00% |
| 47 | ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ | 648,000.00 | 624,000.00 | 103.85% |
| 470 | Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 648,000.00 | 624,000.00 | 103.85% |
| 4 | ВКУПНО РАСХОДИ | 40,000,000.00 | 39,000,000.00 | 102.56% |

| | | |
|---|---|---|
| останати расположливи средства | 0.00 | 0.00 |

Во врска со доставениот Финансиски план на Агенцијата за пошти за 2025 година и Споредбените показатели во однос на 2024 година, Ви го презентираме следното ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:

1. ПРИХОДИ

- **Приходите од камати (конто 720)** се приходи од камати за ненавремено плаќање на годишниот надоместок од страна на давателите на поштенски услуги и истите се планирани во износ од 1.900.000 денари. Планираниот износ на оваа приходна ставка е помал во однос на планираниот износ за 2024 година за 47,22%, поради фактот што при планирањето на оваа приходна ставка за претходната 2024 година се земени во предвид и ненаплатените побарувања за камати од претходните години, кои се наплатени во текот на 2024 година.

- **Приходите од позитивни курсни разлики (конто 721)** се приходи кои се јавуваат при девизни приливи и одливи и истите се планирани во износ од 5.000 денари, износ кој е еднаков со планираниот во 2024 година.

- **Сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите на поштенските услуги (конто 750)** се приходи од надоместоците кои давателите на поштенски услуги се должни да ги платат на Агенцијата на годишно ниво согласно Законот за поштенските услуги, а кои се пресметуваат како производ од бројот на поени на секој давател на поштенски услуги и вредноста на поенот. За 2025 година на ова конто се планирани 30.000.000 денари, кои е планирано да се обезбедат од еден давател на поштенски услуги со Индивидуална дозвола и триесет и три даватели на поштенски услуги со Општо овластување. Планираниот износ на оваа приходна ставка е поголем во однос на планираниот износ за 2024 година за 11,11%, како резултат на потребите на редовното работење на Агенцијата и поради фактот што во Годишната програма за 2025 година Агенцијата има планирано активности кои ќе предизвикаат поголеми расходи во однос на 2024 година, а кои детално се објаснети подолу во образложението.

- **Други приходи (конто 760)** се планирани во износ од 900.000 денари и истите вклучуваат приходи од надоместоци за службени патувања (кога службените патувања се на товар на организаторот), приходи од наплата на штети, приходи од меѓународна помош и поддршка во одредени сегменти во функционирањето на Агенцијата и други видови на приходи кои не се опфатени со останатите приходни ставки. Планираниот износ на оваа приходна ставка е еднаков со планираниот износ за 2024 година.

- На **конто 770** е евидентиран **вишокот на приходи од претходната година** во износ од 7.195.000 денари, чиј точен износ ќе се утврди со Годишната сметка на Агенцијата за 2024 година, а истиот се пренесува во Финансискиот план за 2025

година согласно член 23 став 3 од Законот за поштенските услуги. Овие средства се користат за потребите на редовното работење на Агенцијата во првите месеци од годината, додека не се реализираат побарувањата од давателите на поштенски услуги врз основа на Решенијата за годишен надомест. Планираниот износ на оваа приходна ставка е помал во однос на планираниот износ за 2024 година за 4%, согласно проценките за износот кој би се пренел во 2025 како вишок на приходи утврден врз основа на Годишната сметка за 2024 година. Износот на оваа приходна ставка е резултат на ненавременото плаќање на надоместоците кон Агенцијата од давателите на поштенските услуги, пред се од Пошта на Северна Македонија АД Скопје, што ја оневозможува целосната реализација на планираните активности во Годишната програма и води кон голем износ на нереализирани финансиски средства, односно кон голем вишок на приходи за пренос во следната година.

## 2. РАСХОДИ

- **Потрошените материјали (конто 400)** се планирани во износ од 388.000 денари и истите вклучуваат: трошоци за гориво за службените возила кои се користат за вршење на надлежностите за надзор над давателите на поштенски услуги и за останати службени потреби, трошоци за канцелариски материјали, расходи за вода и други комунални услуги поврзани со деловните простории, расходи за стручна литература за потребите на вработените во Агенцијата, расходи за ситен инвентар и други административни и потрошени материјали утврдени според трошоците за истите во претходната година и проценките за потребите во тековната година.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е помал од планираниот износ во 2024 година за 3%, како резултат на помалиот износ на планирани трошоци за весници и списанија и ситен инентар, согласно искуството од 2024 година како и планираните потреби за 2025 година.

- **Потрошената енергија (конто 401)** вклучува расходи за електрична енергија и кондиционирање (греење/ладење) за деловните простории на Агенцијата. Оваа расходна ставка е планирана во износ од 780.000 денари кој е утврден врз основа на добиените фактури за 2024 година и очекувањата за движење на цените во 2025 година.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е еднаков со планираниот износ во 2024.

- **Расходите за други услуги (конто 403)** се планирани во износ од 697.000 денари и истите вклучуваат: расходи за пошта, телефон и интернет, расходи за паркинг простор, регистрација и испитување на службените возила на Агенцијата, расходи за поправка, сервисирање и одржување на опремата и софтверот на Агенцијата, трошоци за копирање, печатење и издавање за потребите на Агенцијата, расходи за Службен весник на Република Северна Македонија, расходи за чистење на деловните простории и други расходи (изнајмување, дезинфекција и сл.).

Планираниот износ на оваа расходна ставка е поголем во однос на планираниот износ во 2024 година за 12,78% или 79.000 денари, како резултат на поголемиот планиран износ на расходната ставка за паркинг за службените возила согласно зголемите цени на споменатата услуга и поголемиот планиран износ на расходните ставки за услуги за копирање,

печатење и издавање и за услугите за изнајмување на сали за состаноци, поради фактот што во 2025 година планирано е Агенцијата за пошти да биде домаќин на еден од состаноците на работнте групи на ЕРГП – Европската група на регулаторни тела.

- Расходите за превозни-транспортни услуги (конто 404) се планирани во износ од 25.000 денари и истите опфаќаат трошоци за транспортни услуги за потребите на Агенцијата за пошти, поврзани со активностите предвидени во програмата за работа за 2025 година, а посебно за активностите за надзор и контрола над давателите на поштенски услуги и меѓународната соработка.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е еднаков со планираниот износ во 2024 година.

- Издатоците за реклама, пропаганда и репрезентација (конто 405) се планирани во износ од 300.000 денари и истите вклучуваат трошоци за репрезентација (храна и пијалаци, угостителски услуги и набавка на репрезентативен материјал).

Овие расходи се во функција на претставување на Агенцијата пред учесниците во поштенскиот сектор, како и презентирање и информирање на јавноста за работата и надлежностите на Агенцијата во насока на подигнување на јавната свест за поштенските услуги. Во годишната програма за работа на Агенцијата предвидени се активности кои наметнуваат потреба од расходи за репрезентација како што се активностите за организирање на јавни седници и презентирање на работењето, односно презентирање на разни извештаи и анализи изготвени од страна на Агенцијата во насока на јакнење на транспарентноста на Агенцијата, организирање на информативен караван, организирање на состаноци со тела кои се вклучени во поштенската проблематика и организирање на билатерални средби со регулатори од поштенската област.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е поголем во однос на планираниот износ во 2024 година за 50% или 100.000 денари како резултат на фактот што Агенцијата за пошти во 2025 планира да биде домаќин на еден од состаноците на работнте гурпи на ЕРГП – Европската група на регулаторни тела.

- Расходите за наемнини (конто 408) се планирани во износ од 970.000 денари и истите вклучуваат трошоци за наем на деловните простории на Агенцијата лоцирани во Градскиот Трговски Центар во Скопје.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е помал од планираниот износ во 2024 година за 1,52% согласно реализацијата на овие расходи во претходната 2024 година.

- Провизијата за платен промет (конто 410) е планирана во износ од 45.000 денари согласно тарифите за провизии за платен промет на банките депоненти на Агенцијата за пошти и провизиите кои се плаќаат при откуп на девизи за службените патувања во странство и при финансиските трансакции со коминтенти од странство.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е помал од планираниот износ во 2024 година за 10% поради помалиот изос на планирани расходи за провизии за откуп на девизи за службените патувања во странство.

- Расходите за осигурување (конто 412) се планирани во износ од 61.000 денари и истите вклучуваат осигурување на службените возила и опремата на Агенцијата за пошти, како и колективно осигурување од незгода на вработените во Агенцијата. Износот на расходите за осигурување е пресметан врз основа на цените на осигурителните компании за овие видови на осигурување. Планираниот износ на оваа расходна ставка е е еднаков со планираниот износ во 2024 година.

- Трошоците за службени патувања (конто 413) вклучуваат трошоци за дневници, сместување, превоз и останати трошоци поврзани со службените патувања во земјата и странство. Овие трошоци се планирани во износ од 2.000.000 денари и се во согласност со активностите предвидени во програмата за работа за 2025 година. Имено, оваа ставка вклучува расходи за планираните службени патувања во земјата како и службените патувања во странство на Директорот и вработените во Агенцијата за пошти и тоа пленарни седници и работни групи организирани од Европскиот комитет за поштенска регулација (CERP), тематско учество во работните активности на Европската група на поштенски регулатори (ERGP), соработка со Светскиот поштенски сојуз (UPU), учество на работни состаноци на Европската Комисија, учество на други меѓународни конференции и настани од областа на регулацијата на пазарот на

поштенските услуги, билатерални посети на други национални регулаторни тела од областа на поштенските услуги, како и учество на обуки, работилници и семинари во насока на јакнење на институционалните капацитети на Агенцијата за пошти.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е еднаков со планираниот износ во 2024 година.

- **Надоместоците на трошоци на работници (конто 414)** се планирани во износ од 680.000 денари согласно предвидените надоместоци во колективниот договор на Агенцијата за пошти. Оваа расходна ставка опфаќа исплата на парична помош во случај на смрт на вработен, смрт на член на семејно домаќинство, елементарни непогоди, регрес за годишен одмор и други надоместоци на вработените предвидени во Колективниот договор.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е помал од планираниот износ во 2024 година за 2,86%, согласно искуството од претходните години и очекуваната реализација во 2025 година.

- **Негативните курсни разлики (конто 415)** се планирани во износ од 3.000 денари и истите се јавуваат при приливи и одливи на девизни средства.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е еднаков со планираниот износ во 2024.

- **Расходите за членарини (конто 416)** се планирани во износ од 7.000 денари и истите се однесуваат на трошоците за членарини на Агенцијата во Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е поголем од планираниот износ во 2024 година за 40% или 2.000 денари како резултат на зголемувањето на износот на членарината од страна на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија.

- **Расходите за интелектуални и други услуги (конто 417)** се планирани во износ од 8.404.000 денари и тие вклучуваат: расходи за хост за веб страната на Агенцијата, расходи за ревизија на финансиските извештаи за 2024 година од страна на независен ревизор, расходи за консултантски услуги за следење и контрола на процесот на воведување на систем за посебно сметководство и алокација на трошоците на давателот на универзална услуга и за имплементирање на ИСО стандарди во работењето на Агенцијата, расходи за месечните надоместоци и надоместоците на трошоците на членовите на Комисијата на Агенцијата за пошти кои

вклучуваат патни трошоци и трошоци за користење на сопствено возило за службени цели пресметани во согласност со “Правилникот за плати и други надоместоци“ и „Одлуката за определување на месечниот надоместок и надоместокот на другите трошоци на членовите на Комисијата“, расходи за надоместоци врз основа на склучени договори за дело за потребите на Агенцијата, трошоци за истражување на потребите на корисниците на универзалната услуга, расходи за обуки за стручно усовршување, расходи за превод, расходи за ангажирање на работници преку Агенција за привремени вработувања, расходи за услуги за архивирање и расходи за други услуги (фотографирање, монтажа и сл.).

Планираниот износ на оваа расходна ставка е поголем во однос на планираниот износ во 2024 година за 13,48%, поради планираните расходи за систематски – здравствени прегледи на вработените, поголемиот износ на планираните расходи за консултантски услуги за следење и контрола на процесот на воведување на систем за посебно сметководство и алокација на трошоците на давателот на универзална услуга, поголемиот планиран износ на расходната ставка за ревизија на финансиските извештаи согласно Јавната набавка за оваа услуга и поголемиот планиран износ на расходната ставка за надоместоците за членовите на Комисијата кои се планирани во поголем износ поради фактот што истите се пресметуваат врз основа на просечната месечна плата во Република Северна Македонија, која е значително зголемена во однос на претходните години.

- Останатите (други) расходи (конто 418) се планирани во износ од 182.000 денари и со нив се опфатени: расходите за објавување на огласи, одлуки и информации за работењето на Агенцијата во дневните весници, расходи за набавка на стандарди од областа на поштенските услуги, трошоци за извршител при присилна наплата на доспеаните побарувања, расходи по основ на камати за задоцнето плаќање на обврските, како и други трошоци кои не се опфатени со останатите расходни конта. Планираниот износ на оваа расходна ставка е помал во однос на планираниот износ во 2024 година за 9,90%, како резултат помалиот износ на планирани трошоци за извршител при присилна наплата на доспеаните побарувања.

- Средствата за опрема (конто 441) се планирани во износ од 310.000 денари и тие вклучуваат: опремување на деловните простории на Агенцијата со мебел, компјутерска опрема и компјутерски софтвер за извршување на надлежностите и остварување на целите предвидени со Законот за поштенски услуги и Годишната програма за работа во 2025

година, а во насока на јакнење на институционалните капацитети на Агенцијата за пошти.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е помал од планираниот износ во 2024 година за 29,71% согласно планираните потреби на Агенцијата во 2025 година.

- **Расходите за плати (конто 460)** се планирани во износ од 24.500.000 денари. Расходите за плати ги вклучуваат платите на Директорот и вработените во стручната служба на Агенцијата за пошти.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е еднаков со планираниот износ во 2024 година и оттука, не се менува Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на основната плата на вработените во Агенцијата за пошти, која е одобрена од страна на Собранието на Република Македонија со Одлука бр. 08-1338/1 од 18.03.2015.

- **Расходите за даноци и придонеси кои не зависат од резултатот (конто 470)** се планирани во износ од 648.000 денари и истите вклучуваат расходи по основ на данок на личен доход за надоместоците кои се исплаќаат на Комисијата на Агенцијата за пошти, расходи по основ на данок на личен доход за надоместоците кои се исплаќаат на вработените согласно Колективниот договор и расходи за данок на личен доход по основ на договори за дело и други исплати. Планираниот износ на оваа расходна ставка е поголем од планираниот износ во 2024 година за 3,85%, како резултат на зголемените износи на надоместоците кои се исплаќаат на Комисијата на Агенцијата за пошти кои се пресметуваат врз основа на просечната месечна плата во Република Северна Македонија, а кои претставуваат даночна основа за пресметка на данокот на личен доход.

Врз основа на Споредбените показатели за планираните приходи и расходи може да се констатира дека за 2025 година Агенцијата за пошти со Финансискиот план предвидува реализација на вкупни приходи и вкупни трошоци во износ од 40.000.000 денари, износ кој е поголем во однос на планираниот износ за 2024 година за 2,56%.

Притоа, на страната на трошоците во Финансискиот план за 2025 година, во однос на планираните износи во Финансискиот план за 2024

година, може да се нотифицираат намалувања кај следниве расходните ставки:

- Конто 400 – Потрошени материјали за 4,76%,
- Конто 408 – Наемнини за 1,52%,
- Конто 410 – Провизија за платен промет за 10%,
- Конто 414 – Надоместоци на трошоци на вработени за 2,86%,
- Конто 418 – Останати други расходи за 9,90% и
- Конто 441 – Средства за опрема за 29,71%.

Во Финансискиот план за 2025 година, во однос на Финансискиот план за 2024 година, еднаков износ на страната на трошоците е планиран на следните расходните ставки:

- Конто 401 – Потрошена енергија,
- Конто 404 – Превозни – транспортни услуги,
- Конто 412 – Премии за осигурување,
- Конто 413 – Дневници за службени патувања и патни трошоци,
- Конто 415 – Негативни курсни разлики и
- Конто 460 – Вкалкулирани плати.

Во Финансискиот план за 2025 година, во однос на Финансискиот план за 2024 година, поголем износ на страната на трошоците е планиран на следните расходни ставки:

- Конто 403 – Други услуги за 12,78% или 79.000 денари, како резултат на поголемиот планиран износ на расходната ставка за паркинг за службените возила согласно зголемите цени на споменатата услуга и поголемиот планиран износ на расходните ставки за услуги за копирање, печатење и издавање и за услугите за изнајмување на сали за состаноци, поради фактот што во 2025 година планирано е Агенцијата за пошти да биде домаќин на еден од состаноците на работнте гурпи на ЕРГП – Европската група на регулаторни тела,
- Конто 405 – Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација за 50% или 100.000 денари како резултат на фактот што Агенцијата за пошти во 2025 планира да биде домаќин на еден од состаноците на работнте гурпи на ЕРГП – Европската група на регулаторни тела.

- Конто 416 – Членарини за за 40% или 2.000 денари како резултат на зголемувањето на износот на членарината од страна на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија,
- Конто 417 – Интелектуални и други услуги за 13,48%, поради планираните расходи за систематски – здравствени прегледи на вработените, поголемиот износ на планираните расходи за консултантски услуги за следење и контрола на процесот на воведување на систем за посебно сметководство и алокација на трошоците на давателот на универзална услуга, поголемиот планиран износ на расходната ставка за ревизија на финансиските извештаи согласно Јавната набавка за оваа услуга и поголемиот планиран износ на расходната ставка за надоместоците за членовите на Комисијата кои се планирани во поголем износ поради фактот што истите се пресметуваат врз основа на просечната месечна плата во Република Северна Македонија, која е значително зголемена во однос на претходните години.
- Конто 470 – Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот за 3,85%, како резултат на зголемените износи на надоместоците кои се исплаќаат на Комисијата на Агенцијата за пошти, а кои се пресметуваат врз основа на просечната месечна плата во Република Северна Македонија.

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Комисија
Борче Груевски, претседател

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
02-286/7
26.11.24
СКОПЈЕ

Комисијата на Агенцијата за пошти, врз основа на член 16 алинеја 5 од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр.158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018 и 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 275/2019, 150/2021, 227/2022 , 284/2023 и 224/2024) (во натамошниот текст: Законот) на состанокот одржан на 26.11.2024 година донесе:

## О Д Л У К А

### за определување на вредност на поенот за пресметување на годишниот надоместок за 2025 година

I. Вредноста на поенот за 2025 година изнесува 566, 0377 денари.

II. Вредноста на поенот од точката I. на оваа одлука се применува при пресметување на годишниот надоместок за 2025 година.

III. Оваа одлука е составен дел на Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2025 година.

IV. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата на Агенцијата за пошти, на состанокот одржан на 26.11.2024 година ја разгледуваше Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2025 година и ја определи вредноста на поенот за 2025 година како во диспозитивот.

При одлучувањето Комисијата ги зема предвид планираните активности и Финансискиот план за 2025 година кој е составен дел од

Годишната програма за работа на Агенцијата, извештајот со збирен број на поени на пазарот на поштенски услуги со состојба 31.10.2024 и Заклучоци за бројот на поени издадени за секој од 33-те даватели на поштенски услуги на слободниот поштенскиот пазар на 31.10.2024 година.

Согласно член 28 став (7) од Законот, при пресметувањето на вредноста на поенот Комисијата ги зема предвид ставките на трошоците од финансискиот план на Агенцијата потребни за извршување на активностите и задачите планирани во Годишната програма за работа на Агенцијата. Комисијата ги разгледа трошоци проектирани во финансискиот план, па оцени дека планираните трошоци за календарската 2025 година и тоа како фиксните така и варијабилните трошоци, според структурата произлегуваат од планираните активности.

Планираните активности и задачи за 2025 година, соодветно на приоритетите, во значителен обем се однесуваат на извршување на надлежностите на регулаторот и целите за осигурување дека универзалната услуга за сите корисници се обезбедува континуирано, непречено и според пропишани критериуми. Од тука значителен дел од трошоците се планирани за активности за следење и анализа на работата на назначениот давател на универзалната услуга АД Пошта на Северна Македонија Скопје и за активности за регулација усогласена со состојбите на поштенскиот пазар и потребите на корисниците. Дел од трошоците се планирани за активности на регулација и мониторинг во делот од пазарот кој го сочинуваат лиценцираните даватели на поштенски услуги на слободен пазар, како и на надзорни и контролни механизми во функција на поттикнување и развој на ефективна конкуренција во секторот и заштитата на правата на корисниците.

Финансискиот план за 2025 сообразно и пропорционално ги проектира трошоците за така планираните активности кои се одразуваат и на планираните приходи. Па оттука износот на контото 750 – Сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите на поштенските услуги во Финансискиот план за 2025 година, изнесува 30.000.000 денари.

Комисијата оцени дека трошоците се оправдани, па соодветно на тоа и планираниот приход од контото 750 е доволна финансиска основа за

непречено извршување на конкретни активности на Агенцијата во 2025 година. Приходот планиран на овој начин се дели со вкупниот број на поени на пазарот на поштенските услуги во Република Северна Македонија, согласно член 12 став (2) од Правилникот за начинот на определување на бројот на поени и на вредноста на поенот за пресметување на годишниот надоместок („Службен весник на Република Македонија" бр.167/2010, 31/2013 и 155/2017).

Вториот елемент од пресметката на висината на вредноста на поенот во односната година е вкупниот број на поени на пазарот на поштенските услуги во Република Северна Македонија, поради што Комисијата го разгледа и Извештајот со збирен број на поени на пазарот на поштенските услуги со состојба 31.10.2024 година, па констатира дека вкупниот број на поени на поштенскиот пазар во Република Северна Македонија изнесува 53.000 поени. Вкупниот број на поени на поштенскиот пазар е збир на бројот на поени за обезбедување на универзална услуга врз основа на Индивидуална дозвола пропишан со Законот-50.000 поени за АД Пошта на Северна Македонија Скопје како давател на универзална услуга и на бројот на поени констатирани со Заклучоци за секој од 33-те даватели на поштенски услуги, како следи:

120 поени за Карго Експрес Битола; 145 поени за ДХЛ Експрес Македонија Скопје; 145 поени за ИН ТИМЕ МК БПС Скопје; 115 поени за ПНЛ Транслог Скопје; 30 поени за Јокам Пошта 2011 Дебарца; 145 поени за Брза Пратка Скопје; 30 поени за Глобал Мессаге Скопје; 30 поени за ДМ – Јосифоски Прилеп; 40 поени за Екстра 03 Кавадарци; 45 поени за Балкан Деливери Сервис Скопје; 120 поени за ТПЛ Тотал пост Логистик Скопје; 175 поени за Деливери Сервис Интернешенел Скопје; 90 поени за Колпортер Пост Скопје (претходно Пост Експрес Македонија); 90 поени за Ин Пошта Радески Скопје; 120 поени за Нова Пошта Скопје; 30 поени за Брза пратка Пост-М Логистик Тетово; 75 поени за Интернешенел Меил Деливери-ИМД Скопје; 60 поени за Еко Пошта Скопје; 175 поени за Еко Логистик Сервис Скопје; 30 поени за Анфиленд - подружница Брза пошта број еден Скопје; 120 поени за ВИП Пошта Скопје; 70 поени за Мекс Пошта Скопје; 90 поени за Мик-Мик Скопје; 70 поени за Урбан Деливери Сервис Скопје; 120 поени за Еуро-Енерџи Тетово-подружница Еуро Карго Тетово; 30 поени за Сити експрес

пошта Битола; 100 поени за Б-Пост Скопје-подружница Б-Пост Скопје; 90 поени за Колпортер Скопје; 145 поени за Виа Пост  Скопје; 60 поени за Пошта Пештан Експрес Охрид; 115 поени за Гeники Тахидромики СМ Скопје; 120 поени за Бох Пост Скопје и 60 поени за Хи Логистик Скопје.

Комисијата оцени дека вредноста на поенот во износ од 566, 0377 денари  пресметана како количник од приходите од контото 750 и вкупниот број  -53.000  поени на поштенскиот пазар, е утвредена во согласност со членот 28 од Законот и членот 12 став (2) од Правилникот.

Вредноста на поенот утврдена со оваа Одлука ќе се применува при пресметување на годишниот надоместок за 2025 година, за секој од давателите на поштенски услуги вклучително и за давателот на универзалната услуга.

Поради се претходно наведено, Комисијата одлучи како во диспозитивот, а  согласно член 28 став (7) од Законот за поштенските услуги.

Бр. 02-286/7

26 ноември 2024 година

Скопје

Агенција за пошти

Комисија

Борче Груевски, претседател, с.р.